СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Жиро сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата и одделни изданија бр. 1032 Т-220 за огласи 1032-Т-221

Среда, 25 септември 1957

БЕЛГРАД

Број 40 ГОД. XIII

Цена на овој број е 40.— дин. — Претплатата за 1957 година изнесува 1700.— дин., а за странство 2500.— динари — Редакција: Улица Краљевић'а Марка бр. 9. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276. Продажно одделение 22-619 Тел. централа 28-010.

520.

Врз основа на членот 79 став 1 точ. 1 и 6, во врска со членот 9 став 1 алинеја 3 од Уставниот закон и членот 23 став 3, во врска со членот 6 став 2 од Уредбата за организацијата и работата на Сојузниот извршен совет, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ПОДИГАЊЕ НА ПРАТЕНИШТВОТО НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ДАНСКА НА СТЕПЕН НА АМБАСАДА

1. Пратеништвото на Федеративна Народна Република Југославија во Данска се подига на степен на амбасада.

2. Државниот секретар за надворешни работи ќе преземе мерки потребни за извршување на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Сојузен извршен совет

Р. п. бр. 303
16 септември 1957 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз-Тито, с. р.

521.

Врз основа на членот 25 од Уредбата за расподелба на вкупниот приход на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/57), а во согласност со Секретаријатот за трудот на Сојузниот извршен совет, сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите издава

НАРЕДБА

ЗА ИЗМЕНИ НА НАРЕДБАТА ЗА НАЈВИСОКИТЕ ИЗНОСИ НА ДОДАТОЦИТЕ, НАДОМЕСТОЦИТЕ И ИЗДАТОЦИТЕ ШТО СЕ ПРИЗНАВААТ КАКО ПЛАТИ ПРЕД УТВРДУВАЊЕТО НА ДОБИВКАТА ВО ОПРЕДЕЛЕНИ СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

1. Во Наредбата за највисоките износи на додатоците, надоместоците и издатоците што се признаваат како плати пред утврдувањето на добивката во определени стопански организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/57) во точката III под 3 во текстот под д) зборовите: „— во височина најмногу до 10%" се менуваат и гласат: „— во височина од 30%".

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува и за целата 1957 година.

Бр. 15643
9 септември 1957 година
Белград

Државен секретар
за работи на финансиите,
Авдо Хумо, с. р.

522.

Врз основа на членот 20 од Уредбата за девизното работење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/55) и членот 27 од Правилникот за извршување на Законот за регулирање платниот промет со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 73/45, 18/48 и 53/52), а во врска со членот 2 оддел I под б) точка 11 алинеја 1 и членот 2 оддел I под а) точка 38 алинеја 4 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ" бр. 26/56, 43/56 и 21/57), сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите издава

НАРЕДБА

ЗА НАЧИНОТ НА КУПОПРОДАЖБА НА СТРАНСКИ СРЕДСТВА ЗА ПЛАЌАЊЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РЕОСИГУРУВАЊЕТО НА АВИОНИ И ПРЕКУМОРСКИ БРОДОВИ, КАКО И ЗА ПОСТАПКАТА СО СТРАНСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ПЛАКАЊЕ ОСТВАРЕНИ ПО ОВОЈ ОСНОВ ОД НАДОМЕСТОЦИТЕ НА ШТЕТИТЕ НАПЛАТЕНИ ОД СТРАНСКИ РЕОСИГУРИТЕЛИ

1. Државниот осигурителен завод (ДОЗ) ќе добива непосредно од Народната банка странски средства за плаќање потребни за плаќање премии на реосигурувањата во странство по осигурувањата на авиони и прекуморски бродови и на други трошоци во врска со настанатите штети на нив, и тоа по пресметковниот курс.

2. Сите странки средства за плаќање што ќе му бидат дозначени од странски реосигурители на име нивни удел во надоместокот на настанатата штета по основот на реосигурувањето од точката 1 на оваа наредба Државниот осигурителен завод (ДОЗ) ќе ѝ ги отстапува на Народната банка, исто така по пресметковниот курс.

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 17814
7 септември 1957 година
Белград

Државен секретар
за работи на финансиите,
Авдо Хумо, с. р.

523.

Врз основа на членот 21 ст. 3 и 4 и членот 22 ст. 1 и 2 од Уредбата за краткорочните кредити („Службен лист на ФНРЈ", бр 31/56), сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите издава

НАРЕДБА

ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОЛАГАЊЕ ГАРАНТЕН ИЗНОС НА ИМЕ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПО ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ КРЕДИТИ

I. По кредитите кај банките и штедилниците предвидени со оваа наредба, задолжителнс ќе се полага гарантен износ во готови пари на име обезбедување на одобрениот кредит.

Гарантниот износ од претходниот став се полага во височина, и тоа:

1) по кредитите одобрени на стопанските организации за покритие на запасите на некурентни стоки, на сомнителните и ненаплативите побарувања, во височина од 10% до 20% од износот на одобрениот кредит;

2) по кредитите одобрени на стопанските организации за покритие на привремената загуба според периодичната пресметка, а која загуба не можела да се покрие од средствата на резервниот фонд или од други извори на средства на стопанските организации, и тоа:

а) на стопанските организации од областа на селското стопанство — во височина од 5% до 10% од износот на одобрениот кредит,

б) на стопанските организации од другите стопански области — во височина од 10% до 20% од износот на одобрениот кредит;

3) по кредитите одобрени на стопанските организации во постапка на присилна ликвидација, за извршување на текуштите и веќе започнатите работи како и за покритие на трошоците во постаката на присилна ликвидација — во височина до 10% од износот на одобрениот кредит.

Височината на процентот на гарантниот износ кој ќе се применува кај сите банки и штедилници ја определува Управниот одбор на Народната банка во границите на процентите наведени во претходниот став.

II. Гарантниот износ од точката I на оваа наредба го полага барателот на кредитот.

Ако барателот на кридитот нема средства за полагање гарантен износ, гарантниот износ е должен да го положи давателот на гаранцијата ако е кредитот одобрен под услов давање обезбедување во вид на гаранција.

Гарантниот износ од името на барателот на кредитот или на гарантот може да го положи и некој друг орган или организација, ако со важечките прописи не е предвидено поинаку.

III. Стопанската организација може за полагање гарантен износ да употреби средства од фондот за самостојно располагање и средства од резервниот платен фонд.

Задружната организација, кога нема средства во фондот за самостојно располагање, може за полагање на гарантниот износ да употреби и средства од уплатените удели на задругарите.

Политичкотериторијалната единица може за полагање гарантен износ да ги употреби, ако со посебни општински прописи не е определено поинаку, средствата од својот инвестиционен фонд што според важечките прописи можат да се користат за инвестирање во основните средства, средствата на буџетските фондови, како и средствата на буџетските и вонбуџетските приходи.

IV. Гарантниот износ се полага на посебна сметка кај банката или штедилницата што го одобрила кредитот, и давателот на гарантниот износ не може да располага со овие средства се' додека не биде исплатен кредитот за чие обезбедување биле положени овие средства.

V. По исплатата на кредитот банката е должна да го врати положениот гарантен износ. Ако кредитот се враќа во рати (отплати), банката на давателот на гарантниот износ, на негово барање, ќе му враќа сразмерен дел од положениот гарантен износ.

Ако кредитот за кој е положен гарантен износ не биде вратен во срокот, за наплата на тој кредит банката може да го употреби гарантниот износ.

VI. Банката кај која се водат сметките на средствата на корисникот на кредитот или на гарантот што служат како обезбедување по одобрениот кредит кај друга банка е должна по барање од банката што го одобрила кредитот да врши наплата на кредитот на товар на тие средства.

VII. Обезбедувањата по сите кредити кај банките и штедилниците дадени во вид на гарантни износи пред влегувањето во сила на оваа наредба, остануваат во важност до исплатата на кредитите на кои тие обезбедувања (гарантни износи) се однесуваат.

По кредитите кај банките и штедилниците одобрени пред влегувањето во сила на оваа наредба, а кои не се наведени во точката I на оваа наредба, нема да се полага гарантен износ ако веќе не бил положен.

VIII. Техничките упатства за примена на оваа наредба, кои се задолжителни за сите банки и штедилници, издава Народната банка.

IX. Со влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат:

1) Одлуката за депонирање гарантни износи од страна на давачите на гаранции по краткорочните кредити („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 14/55);

2) Одлуката за депонирање гарантен износ од страна на стопанските организации по кредитите за дополнителните обртни средства („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 14/55 и 23/56);

3) Наредбата за депонирање гарантни износи по кредитите за дополнителни обртни средства на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/56).

Со влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат и сите прописи донесени врз основа на прописите наведени во претходниот став.

X. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“.

Бр. 13290/1
17 септември 1957 година
Белград

Го заменува
Државниот секретар за работи
на финансиите
Државен потсекретар,
Зоран Полич, с. р.

524.

Врз основа на точката 1 став 3 од Одлуката за пресметување разликата во цените при увозот и извозот („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 54/55), а во врска со членот 7 оддел I став А под а) точка 6 алинеја 1 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 26/56), Комитетот за надворешна трговија издава

НАРЕДБА
ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ПРИ ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ НА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

1. Во Наредбата за коефициентите за пресметување на разликата во цените при извозот и увозот на определени производи и услуги („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 21/57) во точката I одделот А во гранката 216 — Домашна преработка на селскостопански производи, текстот под 1 се менува и гласи:

„1. Сува слива — — — — — — — — — — 0,80“.

2. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ“, а ќе се применува на работите на извоз склучени од тој ден.

П. бр. 336
20 септември 1957 година
Белград

Го заменува
Претседателот на Комитетот за
надворешна трговија
Државен потсекретар,
Ивица Гретиќ, с. р.

525.

Врз основа на точката X од Одлуката за надоместокот (регресот) при купувањето на вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата за потребите на селското стопанство („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 34/56, 34/57 и 38/57), сојузниот Државен секретаријат за работи на финансиите пропишува

УПАТСТВО
ЗА ИЗМЕНА НА УПАТСТВОТО ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАДОМЕСТОКОТ (РЕГРЕСОТ) ПРИ КУПУВАЊЕТО НА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА И СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЕЛСКОТО СТОПАНСТВО

1. Во Упатството за примена на Одлуката за надоместокот (регресот) при купувањето на вештач-

ки ѓубриња и средства за заштита на растенијата за потребите на селското стопанство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 34/56 и 44/56) текстот на ст. 1, 2 и 3 од точката 3 се менува и гласи:

„Земјоделските задруги, задружните стопански организации и селскостопанските апотеки, кои според одредбата на точката I под 2 од Одлуката за надоместокот (регресот) при купувањето на вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата за потребите на селското стопанство, вршат продажба на вештачко ѓубре на индивидуалните селскостопански производители, го остваруваат надоместокот (регресот) врз основа на фактурата за извршеното купување на вештачко ѓубре, која содржи податоци од точката 2 на Упатството за примена на Одлуката за надоместокот (регресот) при купувањето на вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата за потребите на селското стопанство."

2. Ова упатство влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „ Службен лист на ФНРЈ".

Бр. 18653
18 септември 1957 година
Белград

Државен секретар
за работи на финансиите,
Авдо Хуме, с. р.

526.

Врз основа на точката I под 1 од Одлуката за овластување Одборот за просвета да донесува решенија по работите од надлежноста на Сојузниот извршен совет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/54) и членот 13 точка 5 алинеја 1 од Уредбата за пренесување работите во надлежност на сојузните и републичките органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/56), Секретаријатот за просвета и култура на Сојузниот извршен совет, со согласност од Одборот за просвета и култура на Сојузниот извршен совет, донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА РАНГОТ НА УЧИЛИШТАТА И КУРСЕВИТЕ

I

На спремата два класа средно училиште за општо образование (гимназија) и' одговараат следниве училишта и курсеви:

— Во Федеративна Народна Република Југославија

1) шестмесечниот ветеринарен курс за ветеринарни болничари, дезинфектори и санитари во Сараево, Бања Лука и Дервента, со претходно завршено најмалку основно училиште;

2) шестмесечниот Државен курс за еднообразно книговодство во Кула од 1949 година, со претходно завршено најмалку основно училиште;

3) едногодишниот Курс на Комисијата за државна контрола на ФНРЈ во Белград, со претходно завршено најмалку основно училиште;

4) Административната едногодишна школа во Качаник, завршена од 1949 година, со претходно завршено најмалку основно училиште.

II

На спремата неполно средно училиште за општо образование (гимназија) и' одговараат следните училишта и курсеви:

А — Во предвоена Југославија

Исламската женска верска школа во Сараево, завршена до училишната 1939/40 година, со претходно завршено основно училиште и положен приемен испит.

Б — Во Федеративна Народна Република Југославија

1) Двегодишното земјоделско училиште од општ смер во Нуштар, со претходно завршени најмалку два класа средно или на него рамно училиште, додека лицето со оваа спрема останува во струката;

2) Административната едногодишна школа во Качаник, завршена од 1949 година со претходно завршени најмалку два класа средно или на него рамно училиште;

3) нижите домаќински школи со завршен испит, во траење од четири години, завршени на територијата на НР Босна и Херцеговина, со претходно завршено најмалку основно училиште;

4) шестмесечниот Државен курс за еднообразно книговодство во Пула од 1949 година, со претходно завршени најмалку два класа средно или на него рамно училиште, додека лицето со оваа спрема останува во струката.

III

На спремата шест класа средно училиште за општо образование (гимназија) и' одговараат следните училишта и курсеви:

А — Во предвоена Југославија

— државните машки занаетчиски школи во траење од четири години, со положен завршен испит, со претходно завршени најмалку два класа средно или на него рамно училиште;

Б — Во Федеративна Народна Република Југославија

1) тригодишното Занаетчиско училиште во Скопје (електромашински, градежен и текстилен отсек) со завршен испит, во времето од 1946 до 1953 година, со претходно завршени најмалку два класа средно или на него рамно училиште, додека лицето со оваа спрема останува во струката;

2) едногодишниот Педагошки курс за воспитачи при Учителската школа во Пула, со завршен испит, со претходно завршено најмалку неполно средно училиште со положена мала матура или на него рамно училиште;

3) машките занаетчиски училишта во траење од четири години, со положен завршен испит, со претходно завршени најмалку два класа средно или на него рамно училиште;

4) двегодишната Комунална градинарска школа во Сремска Каменица, завршена од 1954, со претходно завршено неполно средно училиште со положена мала матура или на него рамно училиште.

IV

На спремата полно средно училиште за општо образование (гимназија) и' одговараат следниве училишта и курсеви:

А — Во предвоена Југославија

1) Државната трговска школа во Сплит (за машки деца и девојчиња), со завршен испит, завршена до нејзиното претворање во трговска академија, односно заклучно до 1920 година, со претходно завршено најмалку неполно средно училиште и положена мала матура, или со неполно средно училиште и завршен приправен курс, додека лицето со оваа спрема останува во струката;

2) Словенечката трговска школа во Трст, завршена во времето од 1911 до 1919 година;

3) државните трговски школи во траење од најмалку две години, со положен завршен испит, завршени до претворањето на истите во државни трговски академии односно до 1926 година, со претходно завршено најмалку неполно средно училиште со положена мала матура или на него рамно училиште, додека лицето со оваа спрема останува во струката;

4) државните трговски школи во траење од најмалку две години, со положен завршен испит, завршени од 1926 година, со претходно завршено најмалку неполно средно училиште со положена мала матура или на него рамно училиште, и положен стручен испит во смисла на точката 42 под Б оддел IV од Решението за рангот на школите и курсевите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/52), додека лицето со оваа спрема останува во струката.

Б — Во Федеративна Народна Република Југославија

1) едногодишниот среден геодетско-рударско-мерачки курс од 1948 година, со претходно завршено рударско училиште или завршени најмалку шест

2) Школата за слепи физиотерапеути и масери при Заводот за спортска медицина на Институтот за физичка култура во Белград, во траење од три

години, со претходно завршено неполно средно училиште со положена мала матура или на него рамно училиште.

V

На спремата на виша школа и' одговараат следните школи и курсеви:

А — Во предвоена Југославија

— Уметничкото одделение на Деловодската школа при Државната обртна школа во Загреб, со положен завршен испит, во траење од три години, со претходно завршено неполно средно училиште со положена мала матура или на него рамно училиште, и со претходно завршена четиригодишна државна обртна школа.

Б — Во Федеративна Народна Република Југославија

1) Вишата школа за медицински сестри во Љубљана, во траење од три години;

2) Вишата школа за физиотерапеути во Љубљана, во траење од две години;

3) Вишата школа за рентгенски помошници во Љубљана, во траење од две години;

4) Сојузната предњачко-тренерска школа во Белград, со право на јавност, во траење од две години.

5) Школата за социјални работници во Љубљана, во траење од две години;

6) Едногодишниот курс за спремање наставници на нижи средни училишта и прогимназии при Вишата педагошка школа во Белград со положен дипломски испит, завршен во 1946 година, со претходно завршено полно средно училиште со положена матура или на него рамно училиште.

VI

Рангот на училиштата, курсевите и стручните испити утврден со ова решение не го определува односот на едно училиште спрема друго со цел за признавање извесни класови или испити од еден вид училиште за премин односно продолжување на школувањето во друг вид училиште, туку може да им служи на надлежните органи како основ за определување на стручната спрема при регулирањето на службеничките односи, пензиите и инвалиднините.

VII

Со одредбите од ова решение се дополнува Решението за рангот на школите и курсевите („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 18/52).

Бр. 2300
31 јули 1957 година
Белград

Секретар
за просвета и култура на
Сојузниот извршен совет,
Богдан Осолник, с. р.

527.

Врз основа на членот 43 став 2 точка 3 од Уредбата за организацијата, пословувањето и управувањето со Југословенските пошти, телеграфи и телефони („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 53/53) и членот 1 точка 4 од Уредбата за наплата на придонесот за детската заштита за време на траењето на Детската недела („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 42/54), Генералната дирекција на поштите, телеграфите и телефоните донесува

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПУШТАЊЕ ВО ОПТЕК НА ДОПЛАТНА ПОШТЕНСКА ФРАНКО И ПОРТО МАРКА ПО ПОВОД ДЕТСКАТА НЕДЕЛА ВО 1957 ГОДИНА

На 30 септември 1957 година ќе се пушти во оптек доплатна поштенска франко и порто марка по повод Детската недела во 1957 година, секоја во вредност од 2 динари.

Сликата на двете марки прикажува глава на пионер и пионерка во стилизација со знаме и ловоров венец (според пионерската значка). Под сликата е вцртан натпис: „Југославија“, а над неа текст: „Дечја недеља 1957“ — се' со латиница. Ознаката на вредноста: „2“ е во долниот десен агол на марката. На порто марката десно стои уште вертикално зборот „порто“ — со латиница. Бојата на франко марката е црвена и сива, а на порто марката светлосина и кафеава.

Овие марки ќе бидат во продажба и задолжителна употреба како доплатни поштенски марки за време траењето на Детската недела, од 30 септември до 6 октомври 1957 година.

Бр. 10569
9 септември 1957 година
Белград

Генерална дирекција на поштите, телеграфите и телефоните

Го застапува
Генералниот директор
Помошник
на Генералниот директор,
Владимир Шенк, с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

520. Одлука за подигање на пратеништвото на Федеративна Народна Република Југославија во Данска на степен на амбасада — — — — — — — — — — — 713

521. Наредба за измени на Наредбата за највисоките износи на додатоците, надоместоците и издатоците што се признаваат како плати пред утврдувањето на добивката во определени стопански организации — — — — — — — — — — — 713

522. Наредба за начинот на купопродажба на странски средства за плаќање за потребите на реосигурувањето на авиони и прекуморски бродови, како и за постапката со странските средства за плаќање остварени по овој основ од надоместоците на штетите наплатени од странски реосигурители — — — — — — — 713

523. Наредба за задолжително полагање гарантен износ на име обезбедување по определени видови кредити — — — — 713

524. Наредба за измена на Наредбата за коефициентите за пресметување на разликата во цените при извозот и увозот на определени производи и услуги — — — 714

525. Упатство за измена на Упатството за примена на Одлуката за надоместокот (регресот) при купувањето на вештачки ѓубриња и средства за заштита на растенијата за потребите на селското стопанство — 714

526. Решение за рангот на училиштата и курсевите — — — — — — — — — — 715

527. Решение за пуштање во оптек на доплатна поштенска франко и порто марка по повод детската недела во 1957 година — 716

Издава Новинска установа „Службен лист на ФНРЈ“, Белград. Улица Краљевића Марка бр. 9. Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевића Марка бр. 9. Печат на Белградскиот графички завод, Белград